# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.20 од 12.02.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за здравственото осигурување (,,Службен весник на Република Македонија", број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14 и 188/14) во член 5 став 1 точката 1-б, се менува и гласи:
„лице кое остварува приходи од извршување физичка и/или интелектуална работа, врз основа на еден или повеќе договори за дело и/или авторски договори или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, доколку вкупниот нето износ на приходите по тој основ е повисок од износот на минималната плата утврдена со закон;"

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".